РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1370/2
21-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1370/1 од 25.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата, ценејќи ја содржината на погоре наведената пријава, констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во истата.

Предметот со број 12-1370 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1370/1 од 25.02.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од постапката во која се спровело вработувањето на /// во /// (во понатамошниот текст: *). Подносителот истакнува дека во законски предвидениот рок поднел приговор до управниот одбор на погоре наведената *, кој донел одлука со која неговиот приговор бил одбиен како неоснован. Од Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

текст: ДКСК) бара да се преиспита погоре наведената постапка во која се спровела посоченото вработување. Во пријавата доставени се докази.

По разгледувањето на наводите во пријавата и извршениот увид во доставените докази, ДКСК констатира дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19) нема надлежност да ја испитува законитоста на поединечните акти за вработување. Ова од причина што во смисла на одредбите од чл. 181 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 62/05 ... 151/21), подносителот имал право во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на второстепната одлука по изјавениот приговор, да бара судска заштита со поднесување тужба пред надлежен суд. Оттаму, ДКСК оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во пријавата, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk